**Предизвик за сите развивачи на игри**

ПСМ Фондација и GDG Skopje во соработка со Quo Vadis и Augmented Citizen (Dan Romescu) објавува конкурс за сите македонски развивачи на игри, преку кој ќе ги награди 3те најдобри компании/ тимови за развој на игри на Балканот со 3 бизнис влезници ( 3 x 549,- € ) на најдобрата конференција за развој на игри во Германија Quo Vadis 2013. Покрај учеството на конференцијата, наградените ќе добијат и менторство (во вредност од 3000 €) во подготовката и придружба во бизнис дискусиите на настанот од страна на Michael Liebe и Dan Romescu.

Се' што треба да направите е да аплицирате со вашата најдобра игра изработена во последните 12 месеци и да ја испратите на dromescu@AugmentedCitizen.com најдоцна до **23 јануари 2013 година**.

Апликацијата треба да ги вклучува следниве компоненти:

1. Кус опис на играта (на англиски јазик) во не повеќе од 100 зборови
2. URL од каде може да се симне играта
3. Профил/ портфолио на компанијата со презентација на тимот

Добитниците на наградите ќе бидат објавени на настанот **Google Developers Group Skopje на 25 јануари 2013** (http://www.meetup.com/GDG-Skopje/).